Врз основа на член 22-а од Законот за спортот став 2 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25), член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 38 став 1 алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 27.05.2026 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за измени и дополнување на Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2026 година**

1. Во Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2026 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 1/26) во поднасловот 4. „Мерки или тематска област- Финансиска поддршка на физички и правни лица кои реализираат активности од областа на спортот“ се вршат следниве измени и дополнувања:

- под реден бр. 4, колона „Женски ракометен клуб ‘Гевгелија југ’- Гевгелија“, во колона „Одобрени средства“, износот „800.000 денари“ се менува и гласи „1.400.000 денари“;

- под реден бр. 15, колона „Кошаркарски клуб ‘Гевгелија’- Гевгелија”, во колона „Активности“, зборовите „Учество во 3. Државна лига-машка група, Учество во М18 генерација- женска група, Учество во 2. Државна лига- женска група“ се менуваат и гласат „ Прва Б лига Мажи, Учество во М18 генерација- женска група, Супер лига Жени“ и во колона „Одобрени средства“, износот „1.800.000 денари“ се менува и гласи „2.450.000 денари“;

- под реден бр. 33, колона „КК ‘Кожув’ АД Гевгелија“, во колона „Одобрени средства“, износот „11.000.000 денари“ се менува и гласи „12.000.000 денари“;

- во поднасловот „4. Мерки (тематска област)- Финансиска поддршка на физички и правни лица кои реализираат активности од областа на спортот“ - во табеларниот приказ, по реден број 44 се додава реден број 45. Во колоната „Апликант“ се внесуваат зборовите „Кошаркарска федерација на Македонија“, во колоната „Активност“ се внесуваат зборовите „Европско првенство во ‘Б’ Дивизија, во категорија У16- Мажи 5 – 16 август 2026“ и во колоната „Одобрени средства “ се внесува износот „1.200.000 денари“;

- во поднасловот „4. Мерки (тематска област)- Финансиска поддршка на физички и правни лица кои реализираат активности од областа на спортот“ - во табеларниот приказ, по реден број 45 се додава реден број 46. Во колоната „Апликант“ се внесуваат зборовите „Општински фудбалски сојуз- Валандово“, во колоната „Активност“ се внесуваат зборовите „Елитен меѓународен детски фудбалски турнир во Валандово, Гевгелија и Дојран “ и во колоната „Одобрени средства “ се внесува износот „250.000 денари“;

- Согласно новите измени и дополнувања, редниот бр. 45 од колоната „Дополнителни активности“ се менува и гласи „47“. Во колоната „Одобрени средства“, износот „770.000 д.“ се менува и гласи „1.070.000 д.“;

- во колоната „Вкупно“, износот „25.000.000 д.“ се менува и гласи „29.000.000 д.“;

- од табелата, во колоната под реден бр. 7 „Буџет на програмата и извори на финансирање“ зборовите „25.000.000 денари од буџетската програма L0- Спорт и рекреација“ се менуваат и гласат „29.000.000 денари од буџетската програма L0- Спорт и рекреација“.

2. Оваа програма влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

бр. 09-804/1
27.05.2026 г.
Гевгелија

претседател
на Советот на Општина Гевгелија,

**Анета Стамкова**

с.р.